ЗАКОН ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА

Службен В. на Р.М. бр: 111/2008 од 03.09.2008

Влегува во сила на: 11.09.2008

Измени Сл.В. на Р.М.:
64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 47/2012; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015; 31/2016; 122/2021; 255/2024; 101/2025;

Извор: СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Консолидиран текст**
**- актуелен**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на одржување на јавната чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота, површините и објектите на кои се врши одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег и мраз во зимски услови.

### Член 2

Одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејности од јавен интерес од локално значење.

### Член 3

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на јавните објекти, на отворените простори на јавните објекти, на неизградено градежно земјиште сопственост на физички и правни лица во централното подрачје на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 27.03.2015 >>*

### Член 4

Одредбите на овој закон не се однесуваат на одржување на јавната чистота во вонредни околности и во услови на елементарни непогоди.

### Член 5

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Одржување на јавната чистота" е чистење (метење и миење) на јавни површини и отворени простори на јавни објекти, како и чистење на снег во зимски услови;
2. "Собирање на смет" е отстранување на создадениот смет од одржувањето на јавната чистота на јавните површини и објектите и сместување во садови за смет;
3. "Смет" е збир од отпадоци што се собираат при одржување на јавната чистота;
4. "Јавни површини и отворени простори на јавни објекти" се улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови, парк-шуми, улични тревници, видиковци, гранични премини, аеродроми, железнички, автобуски, бензински и такси станици и други објекти на комуналната инфраструктура, јавни телефонски говорници, зоолошки градини,

градски гробишта, саjмишта, пазари, магацини и складишта, спортско рекреативни објекти (стадиони, хиподроми, стрелишта), јавни капалишта и отворени простори околу други јавни објекти;
5. "Централно подрачје на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје" е подрачје определено со акт на општината и општините во градот Скопје со кои се врши зонирање на подрачјето на општината и општините во градот Скопје, како и подрачјето на град Скопје определено со акт на градот Скопје како централно подрачје;
6. "Даватели на услуга" се јавни претпријатија или правни лица на кои им е доверено извршувањето на работите на јавната чистота;
7. "Корисници на услуга" се корисниците на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти и
8. "Дворна површина" е просторот околу колективните и индивидулните објекти за домување и околу јавните објекти, определени со урбанистички план.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 27.03.2015 >>*

### Член 5-а

Во постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите на Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

---

*<< Консолидација: Одредбите од членовите 5-а, 26-а и 27 ставови 2, 3 и 4 од овој закон (ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА  слв. 23/2011) ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примената на Законот за инспекцискиот надзор. >>*

## II. УСЛОВИ И НАЧИН НА ОДРЖУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

### Член 6

Корисниците, односно сопствениците на отворените простори на јавните објекти, на неизградено градежно земјиште сопственост на физички и правни лица во централното подрачје на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаните средини и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 27.03.2015 >>*

### Член 7

(1) Одржувањето на јавната чистота и чистењето на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини го врши јавно претпријатие за комунални услуги, основано од општината, општините во градот Скопје и градот Скопје.
(2) Работите на одржувањето на јавната чистота, општината, општините во градот Скопје и градот Скопје можат со одлука на советот да ги отстапат на извршување на правно лице регистрирано за вршење на овие работи, согласно со закон.
(3) Правното лице од ставот (2) на овој член треба да поседува дозвола за одржување на јавна чистота, издадена од органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи.
(4) За добивање на дозволата од ставот (3) на овој член правното лице поднесува барање до органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи и докази со кои ќе докаже дека ги исполнува следниве услови:
- да има седиште во Република Северна Македонија,
- да е регистрирано за вршење на работите одржување на јавна чистота,
- да не е поведена стечајна постапка или постапка за ликвидација,
- одговорното лице или член на органот на управување на правното лице да не е правосилно осудено за кривично дело во јавните финансии, пплатниот промет и стопанството или кривични дела против работните односи, додека траат последиците од пресудата, или да не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на дејност додека трае забраната,
- да достави документ за економска и финансиска способност издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
- да е осигуран во осигурително друштво и да приложи писмен доказ за способноста за надоместување на евентуална штета настаната по однос на одговорноста во вршењето на неговата дејност во согласност со закон,
- да има вработено најмалку пет лица кои подлежат на задолжителна вакцинација согласно со прописите за заштита од заразни болести и
- да има соодветна техничка опрема (едно специјализирано возило за подигање на смет, ХТЗ опрема за вработените и неопходни технички средства за одржување на јавната чистота).

(5) Доказите за исполнување на условите од ставот (4) алинеи 1, 2, 3 и 5 на овој член ги прибава овластеното службеното лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи кое ја води постапката за издавање на дозволата за одржување на јавна чистота, кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.
(6) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (5) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(7) За издадените дозволи за одржување на јавната чистота органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи води регистар за издадени дозволи за одржување на јавната чистота, кој се објавува на неговата веб страница.
(8) Формата и содржината на барањето, формата и содржината на образецот на дозволата, начинот на издавање и одземање на дозволата, формата и содржината на регистарот од ставот (5) на овој член, како и начинот на неговото водење, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.06.2021 >>*

## Член 7-а

(1) Ако се утврди дека правното лице од членот 7 став (3) од овој закон ги исполнува условите за добивање на дозвола, органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи ќе издаде дозвола за одржување на јавната чистота во рок од 15 дена од денот на приемот набарањето со целокупната документација, во спротивно ќе донесе решение со коесе одбива барањето за давање дозвола.
(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи по службена должност врши редовна контрола, а најмалу двапати годишно над сите дозволи за одржување јавна чистота дали правните лица ги исполнуваат сите услови врз основа на кои им е издадена дозволата и, ако се утврди дека правното лице престанало да исполнува кој било од пропишаните услови во членот 7 став (4) од овој закон дозволата за одржување на јавна чистота се одзема со решение.
(4) Против решението од ставот (3) на овој член може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 21.05.2025 >>*

## Член 7-б

Членот 7-б се брише.

---

*<< Консолидација: Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе започне да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија број 124/15) >>*

## Член 8

Правата и обврските меѓу општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и правното лице од членот 7 став 2 на овој закон се уредуваат со договор кој содржи:
- вид и обем на работите,
- начин и рок на плаќање за извршување на работите и
- гаранција за исполнување на обврските од договорот и друго.
Договорот од ставот 1 на овој член може да се склучи најмногу за период од четири години.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 30.05.2009 >>*

## Член 9

(1) Одржувањето на јавната чистота на отворените простори на јавните објекти во државна, односно општинска сопственост го врши општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, а на објекти во приватна сопственост и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, и на дворните површини на јавните објекти го врши сопственикот на објектот.

(2) Одржувањето на јавната чистота на отворените простори на граничните премини и аеродроми, го врши сопственикот, закупецот или концесионер на објектот, самостојно или со отстапување на вршење на работите на правни лица регистрирани за одржување на јавна чистота и кои поседуваат дозвола за одржување на јавна чистота во согласност со закон.
(3) Во колективните станбени згради одржувањето на јавната чистота се задолжува да ја врши заедницата на сопственици односно управителот.
(4) Одржувањето на јавна чистота на неизградено градежно земјиште сопственост на физички и правни лица во централното подрачје на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје го врши сопственикот на земјиштето.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 27.03.2015 >>*

### Член 10

(1) За поблиско уредување на односите за одржувањето на јавната чистота советот на општината, на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје донесува одлука.
(2) Со одлуката од ставот 1 на овој член се регулира одржувањето на јавната чистота на јавните површини, начинот на користење на јавните површини и собирањето на сметот, чистење на снег и мраз, отстранувањето на предмети кои ја загрозуваат јавната чистота, како и мерките за спроведување на одлуката.

### Член 11

(1) Контролата на одржувањето на јавната чистота согласно со одлуката од членот 10 став 1 на овој закон ја вршат комунални редари.
(2) Комуналните редари од ставот 1 на овој член треба да имаат најмалку средно образование.
(3) Комуналните редари при вршењето на контролата задолжително носат службена облека и службена легитимација.
(4) Службената легитимација од ставот 3 на овој член ја издава градоначалникот на општината, градоначалниците на општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје.
(5) Бојата и кројот на службената облека, формата и содржината, како и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација на комуналните редари ги пропишува министерот за транспорт.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 25.12.2024 >>*

### Член 11-а

(1) Во постапката при вршење на контролата од членот 11 став (1) од овој закон, комуналните редари кога ќе затечат на самото место лице при извршување на прекршоците утврдени со членот 33 од овој закон, имаат овластување да го застанат лицето и да извршат утврдување на неговиот идентитет.
(2) При преземањето на дејствијата од ставот (1) на овој член комуналниот редар е должен да се легитимира и да го извести лицето за прекршокот кој го сторил на самото место.
(3) Проверка на идентитетот на лице, комуналниот редар го врши со увид во неговата јавна исправа (лична карта или пасош) или друга исправа со негова фотографија од која може да се утврди идентитетот на лицето (возачка дозвола, здраствена легитимација и студентска легитимација), а потоа веднаш му ја враќа исправата на лицето.
(4) Доколку лицето одбива да даде податоци за себе или нема да го докаже идентитетот со исправите од ставот (3) на овој член, комуналниот редар ја известува најблиската полициска станица за потребата од присуство на полициски службеник на местото на сторувањето на прекршокот.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 25.12.2024 >>*

### Член 12

За вршење на работите на одржување на јавната чистота општините, општините во градот Скопје и градот Скопје секоја година донесуваат годишна програма која содржи: вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиски средства, временски рокови за извршување на работите, динамика и начин на вршење на работите.
Програмата од ставот 1 на овој член содржи и обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.
Начинот на поставување на соодветните садови за фрлање на отпадоци се уредува во одлуката од членот 10 на овој закон.
Службените лица во органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје се должни како одговорни лица навремено и ефикасно да преземаат мерки за спроведување на одредбите од ставовите 2 и 3 на овој член.

## III. ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ОДРЖУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

## Член 13

Секое физичко и правно лице е должно да се грижи за одржувањето на јавната чистота.

## Член 14

Заради обезбедување на јавна чистота на јавните површини е забрането:
- фрлање и оставање на хартија, опушоци, мастики, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци освен на местата определени за таа намена,
- оставање на стари предмети од домаќинство и смет од вршење на дејности покрај садовите за собирање на смет, освен на места определени од општината,
- оставање на фекални остатоци од домашни миленици и мртви животни, живина и птици во садови за отпад, освен за места определени за таа намена,
- колење на кокошки и друга живина и животни,
- испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти,
- истурање или испуштање на течности во садови за отпад, на улици, во канали, реки и езера,
- сечење, складирање, цепење на дрва, јаглен и слично, освен за места определени за таа намена,
- оставање на запрежни коли, трактори, земјоделски машини и алатки,
- чување и напасување на крупен добиток и живина,
- продажба и излагање на земјоделски и индустриски производи, освен за места определени за таа намена,
- поставување на урбана опрема и други подвижни и неподвижни предмети,
- мешање на бетон, малтер, освен на места што ќе ги определи општината,
- растурање на сметот од вреќи, контејнери и други видови садови за собирање смет,
- фрлање, односно оставање на смет до контејнер и други видови на садови за собирање на смет,
- фрлање смет од кој било кат од станбена зграда или куќа, во двор,
- поставување на контејнери и други видови садови за собирање смет надвор од определени места за нивно поставување, согласно со нивната намена,
- плукање или секнење нос на јавни површини,
- лепење на плакати на кое било јавно место освен за места определени за таа намена, и
- вршење на физиолошки потреби.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 04.12.2013 >>*

## Член 14-а

(1) Заради обезбедување на јавна чистота на јавни површини е забрането:
- фрлање и оставање на отпадоци од градежен материјал (градежен шут),
- палење, закопување и уништување на смет,
- превоз на песок, земја, цемент, глина, земјоделско ѓубре, отпад или слични материјали без претходна подготовка и поклопување на материјалите со поклопец,
- вклучување во сообраќај на моторни, влечни и запрежни возила од стоваришта или градилишта со валкани тркала,
- поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи,
- палење и уништување на садовите за собирање смет и
- уништување на урбаната и друга опрема (клупи, фонтани, билборди, опрема на детски игралишта).

(2) Заради обезбедување на јавна чистота на неизградено градежно земјиште сопственост на физички и правни лица во централното подрачје на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје забрането е:
- фрлање и оставање на отпадоци од градежен материјал (градежен шут), оставање на хартија, опушоци, мастики, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци,
- оставање на стари предмети од домаќинство и смет од вршење на дејности,
- палење, закопување и уништување на смет,
- оставање на фекални остатоци од домашни миленици и мртви животни, живина и птици,
- колење на кокошки и друга живина и животни,
- сечење, складирање, цепење на дрва, јаглен и слично,
- оставање на запрежни коли, трактори, земјоделски машини и алатки, нерегистрирани, хаварисани возила, приколки и камп приколки,
- чување и напасување на крупен добиток и живина,
- продажба и излагање на земјоделски и индустриски производи,
- поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи,
- растурање на сметот од вреќи, контејнери и други видови садови за собирање смет,
- фрлање смет од кој било кат од станбена зграда или куќа,

- плукање или секнење нос и
- вршење на физиолошки потреби.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 27.03.2015 >>*

**Член 15**

Сопственикот, односно лицето кое управува со јавен објект е должен да ја одржува јавната чистота во јавниот објект и неговата дворна површина, при што треба да обезбеди:
- редовно чистење и одржување на просториите во објектот, - садови за фрлање на отпадоци и
- инсталациите во санитарните јазли да бидат исправни и чисти и да обезбеди тоалетна хартија, машини за сушење на раце или хартија во секое време.

**Член 16**

Во внатрешноста, односно ходниците на јавните објекти забрането е фрлање на отпадоци, плукање, фрлање на отпушоци, мастики и други предмети или внесување на домашни миленичиња, освен со одобрение од управителот на јавниот објект.

**Член 17**

(1) На јавни објекти и на колективни и индивидуални станбени и деловни објекти забрането е испишување на графити, поставување на светлечки реклами и видео билборди како и лепење на плакати.
(2) По исклучок од ставот 1 на овој член, на места и објекти определени за таа намена од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, можат да се поставуваат светлечки реклами, видео билборди и да се лепат плакати.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 30.05.2009 >>*

**Член 18**

Правните и физичките лица сопственици на објекти, сопственици на неизградено градежно земјиште во централното подрачје на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје односно сопственици и корисници на отворените простори на јавни објекти што се за редовна употреба на овие објекти се должни тие простори редовно да ги одржуваат на тој начин што нема да создаваат смет и други отпадоци, како и да го одржуваат зеленилото на тие простори.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 27.03.2015 >>*

**Член 19**

Заради обезбедување на јавна чистота на отворените простори на јавните објекти е забрането:
- фрлање и оставање на предмети од домаќинства, лисја, гранки и корења од растенија, песок, отпадоци од градежен материјал, разни видови на амбалажа и други отпадоци,
- оставање на смет од вршење на дејности на правни и физички лица покрај садовите за собирање на смет,
- палење, закопување и уништување на смет,
- оставање мртви животни, живина и птици,
- испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти,
- миење на возила и камп приколки, предмети од домаќинства и предмети од правни лица,
- сечење, складирање на дрва, јаглен и слично,
- производство, печење на вар и дрвен јаглен, како и складирање и чување на градежен материјал без издадена дозвола од надлежен орган,
- поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи и
- оставање измет од домашни животни и миленичиња.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 04.12.2013 >>*

**Член 20**

(1) Организаторите на јавни манифестации (културни, спортски и други) на митинзи, прослави и други собири се должни веднаш по завршувањето на манифестацијата, односно собирот да го соберат сметот направен од учесниците на манифестацијата, односно собирот и да го остават на определено место за таа намена.
(2) При посета на излетнички места посетителите се должни при заминувањето од излетничкото место да го соберат сметот и да го остават на определено место предвидено за таа намена.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 30.05.2009 >>*

### Член 21

Корисниците на инсталациите во јавните санитарни јазли и во санитарните јазли во јавните објекти, заради обезбедување на јавната чистота се должни по користењето на истите задолжително да пуштаат вода.

### Член 22

(1) Во зимски услови при снежни врнежи општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се должни да го исчистат снегот од јавните површини најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи.
(2) Во зимски услови при снежни врнежи сите сопственици, односно корисници на јавни објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните објекти, со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 30.05.2009 >>*

### Член 23

Сите сопственици, односно корисници на објекти се должни сметот редовно да го собираат и оставаат на места определени за таа намена.
Правните лица што ги вршат работите на одржување на јавната чистота се должни сметот од јавните површини редовно да го собираат и остават на места определени за таа намена.

## IV. СРЕДСТВА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

### Член 24

За одржување на јавната чистота се плаќа надоместок.
Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член ја утврдува советот на општината, советите на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје во зависност од изграденоста, уреденоста на јавните површини и потребата-обемот за одржувањето на јавните површини на нивното подрачје.
Советот на општината, советите на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје ја утврдува мерната единица по која би се наплаќал надоместокот од ставот 1 на овој член.

### Член 25

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота се врши преку доставување на сметка за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад, кој се прикажува одвоено на сметката.
По исклучок од ставот 1 наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота може да се наплатува и одвоено преку доставување на посебна сметка до корисниците на услугата, кога одржувањето на јавната чистота го врши правно лице различно од лицето кое врши собирање и транспортирање на комуналниот и на други видови на неопасен отпад.
Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и се користат за финансирање на работите на јавната чистота.

## V. НАДЗОР

### Член 26

(1) Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.
(2) Инспекцискиот надзор го вршат општинските комунални инспектори, комуналните инспектори на општините во градот Скопје односно комуналните инспектори на градот Скопје.
(3) Државниот комунален инспекторат врши инспекциски надзор над одржувањето на јавната чистота на отворените простори на граничните премини и аеродромите и во случаи кога општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје немаат овластено комунален инспектор. Во случаите кога инспекцискиот надзор го врши Државниот комунален инспекторат, бидејќи нема овластено комунален инспектор, инспекцискиот надзор се врши на сметка на општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје.

(5) Комуналните инспектори на градот Скопје инспекцискиот надзор го вршат на јавните површини, на неизградено градежно земјиште сопственост на физички и правни лица во централното градско подрачје и на отворените простори

на јавните објекти кои се од јавен интерес од локално значење на градот Скопје согласно со закон.
(6) Комуналните инспектори на општините во градот Скопје инспекцискиот надзор го вршат на јавните површини, на неизградено градежно земјиште сопственост на физички и правни лица во централното подрачје на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и на отворените простори на јавните објекти кои се од јавен интерес од локално значење на соодветната општина во градот Скопје согласно со закон.
(7) При вршењето на инспекцискиот надзор општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје односно комуналниот инспектор на градот Скопје проверува дали:
- редовно се одржува јавната чистота на јавните површини од Јавното претпријатие или правното лице на кое му се доверени работите на одржувањето на јавната чистота,
- се одржува јавната чистота на отворените простори на јавните објекти, на неизградено градежно земјиште во централното подрачје на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување,
- се чисти снегот,
- се обезбедени садови за фрлање на отпадоци во внатрешноста, односно ходниците на јавните објекти и во санитарните јазли,
- при одржување на јавни манифестации е отстранет сметот и
- на излетнички места е отстранет сметот.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.06.2021 >>*

### Член 26-а

Членот 26-а се брише.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 04.12.2013 >>*

### Член 27

(1) При вршење на инспекциски надзор општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, односно комуналниот инспектор на градот Скопје и државниот комунален инспектор изрекува инспекциски мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци согласно со Законот за инспекциски надзор.
(2) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, односно комуналниот инспектор на градот Скопје и државниот комунален инспектор утврди недостатоци согласно со членот 26 од овој закон со решение изрекува опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник.
(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во случај кога инспекторот ќе оцени дека утврдените неправилности и недостатоци можат да предизвикаат или предизвикуваат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето или загрозување на животната средина, инспекторот со решение изрекува инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.
(4) Против решението на инспекторот од ставовите (2) и (3) на овој член, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до надлежниот орган за одлучување во втор степен.
(5) Жалбата поднесена против решението од ставот (3) на овој член не го одложува неговото извршување.
(6) За изречените опомени од ставот (2) на овој член, инспекторите водат евиденција.
(7) Формата и содржината на евиденцијата за изречените опомени ги пропишува министерот за транспорт.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 25.12.2024 >>*

### Член 27-а

Членот 27-а се брише.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 04.12.2013 >>*

### Член 28

(1) Ако во рокот определен во членот 27 став (2) од овој закон лицето не постапи по решението на општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје односно комуналниот инспектор на градот Скопје и Државниот комунален инспектор отстранувањето на сметот, односно чистењето на снегот ќе го изврши давателот на услугата на сметка на лицето наведено во решението.
(2) Доколку сопственикот на неизградено градежно земјиште во централното подрачје на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје не постапи по решението на општинскиот комунален инспектор, комуналниот инпектор

на општините во градот Скопје односно комуналниот инспектор на градот Скопје, отстранувањето на сметот ќе го изврши давателот на услугата на негова сметка.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.06.2021 >>*

### Член 28-а

(1) Надзорот над законитоста на работата на органите на општината, на органите на општините во градот Скопје и на органите во градот Скопје го врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи, за работите од нивна надлежност кои се однесуваат на одржувањето на јавната чистота.
(2) При вршење на надзорот од ставот 1 на овој член, органот на државната управа за вршење на работите од областа на комуналните работи ги врши следниве работи:
1) ја следи законитоста на работата на органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и презема мерки, активности и поднесува иницијативи за остварување на нивните надлежности;
2) им укажува на органите на општините, на општините во градот Скопје и градот Скопје на пречекорувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон и предлага соодветни мерки за надминување на таа состојба;
3) укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општините, на општините во градот Скопје и градот Скопје кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите утврдени со овој закон;
4) дава препораки за доследно спроведување на надлежностите за работите кои треба да ги вршат општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, согласно со овој закон, а на нивно барање;
5) го следи навременото донесување на актите од општината, општините во градот Скопје и градот Скопје;
6) дава мислење и стручна помош на барање на органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје по предлог на актите кои произлегуваат од овој закон;
7) го следи остварувањето на јавноста во работата на органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје од аспект на редовно, навремено,
вистинито и целосно известување на граѓаните за работите утврдени со овој закон и
8) навремено ги известува органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.
(3) За преземените мерки и активности од ставот 2 на овој член органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи ги информира органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 30.05.2009 >>*

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 29

(1) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:
1)не обезбеди редовно и квалитетно одржување на јавната чистота и чистење на снегот на јавните површини;
2)врши одржување на јавната чистота без поседување на дозвола (членови 7 и 9 став (2) и
3)постапува спротивно на одредбите на членовите 14 и 14-а од овој закон.
(2) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.06.2021 >>*

### Член 29-а

Членот 29-а се брише.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.06.2021 >>*

### Член 30

Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице ако постапува спротивно на членот 12 од овој закон.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.06.2021 >>*

**Член 30-а**

(1) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на јавното претпријатие за одржување на јавна чистота или на правното лице за одржување на јавна чистота каде што се врши општокорисната работа, доколку издаде потврда без да е извршена општокорисна работа (член 40 став (8)).
(2) Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лицето овластено за фотографирање при вршење на општокорисна работа, доколку не изврши фотографирање и не ги чува фотографиите од извршената општокорисна работа (член 40 став (7)).
(3) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на јавното претпријатие за одржување на јавна чистота или на правното лице за одржување на јавна чистота каде што се врши општокорисната работа, доколку не овласти лице за фотографирање при вршење на општокорисна работа (член 40 став (7)).
(4) Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лицето овластено за контрола при вршењето на општокорисната работа доколку не врши контрола или не изготви писмен извештај за извршена општокорисна работа, како и доколку изготви писмен извештај, а општокорисната работа не е извршена (член 40 став (9)).
(5) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставовите (1) и (3) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 25.12.2024 >>*

**Член 31**

Членот 31 се брише.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 10.07.2010 >>*

**Член 32**

(1) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое е сопственик или управува со јавен објект, ако не постави садови за фрлање на отпадоци и не обезбеди исправни инсталации во санитарните јазли на објектот, нема тоалетна хартија, машини за сушење раце или хартија во секое време (член 15).
(2) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.06.2021 >>*

**Член 33**

Глоба во износ од 40 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, ако:
- постапува спротивно на одредбите од членот 14 на овој закон,
- фрла отпадоци, отпушоци, мастики и други предмети, плука или внесува домашни миленичиња без одобрение на надлежен орган во внатрешноста, односно во ходниците на јавните објекти (член 16),
- на јавни објекти испишува графити, црта или лепи плакати (член 17)
- постапува спротивно на одредбите од членот 19 на овој закон и
- постапува спротивно на одредбите од членовите 20 став 2 и 21 на овој закон.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.06.2021 >>*

**Член 33-а**

Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршок, ако постапува спротивно на одредбите од членот 14-а од овој закон.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 25.12.2024 >>*

**Член 34**

(1) Глоба во износ од 800 до 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако постапува спротивно на членовите 18 и 19 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец поединец ако постапува спротивно на членовите 18 и 19 од овој закон.

(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.06.2021 >>*

**Член 35**

(1) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице ако постапува спротивно на членот 20 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговец поединец ако постапува спротивно на членот 20 од овој закон.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.06.2021 >>*

**Член 36**

Членот 36 се брише.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 10.07.2010 >>*

**Член 37**

(1) Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице сопственик, односно корисник на јавен објект ако не го исчисти снегот од отворениот простор пред јавниот објект (член 22 став 2).
(2) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.06.2021 >>*

**Член 37-а**

(1) Глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членот 7 став (5) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членот 7 став (6) од овој закон.
(3) Глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи ако не одлучи по барањето во рокот утврден во членот 7-а став (1) од овој закон.
(4) За прекршоците од ставовите (1), (2) и (3) на овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.06.2021 >>*

**Член 38**

(1) Кога општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе утврдат дека е сторен прекршок од членовите 29, 30-а, 32, 34, 35 и 37-а на овој закон ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, а кога ќе утврдат дека е сторен прекршок од членовите 30, 33-а и 37 на овој закон ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт.
(2) За прекршоците од ставот 1 на овој член, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, односно пред Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт, општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе спроведат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.
(3) Кога општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе констатираат прекршок од ставот 1 на овој член составуваат записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишува овластеното службено лице и сторителот.Ако сторителот го признае прекршокот службеното лице ќе му издаде прекршочен платен налог заради наплата на глобата за прекршокот.

(4) Сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија означена во прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот утврден во овој став ќе плати само половина од изречената глоба.
(5) Доколку сторителот на прекршокот одбие да се потпише на прекршочниот платен налог општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе евидентираат дека лицето одбило да се потпише и истите ќе се потпишат со полно име и презиме на прекршочниот платен налог.
(6) Ако сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член не ја плати глобата во рокот утврден во прекршочниот платен налогинспекторите, односно униформираниот полициски службеник ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, односно пред Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт.
(7) Општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
(8) Во евиденцијата од ставот 8 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој се издава и исход на постапката.
(9) Личните податоци од ставот 9 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
(10) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за транспорт.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 25.12.2024 >>*

### Член 38-а

Членот 38-а се брише.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.06.2021 >>*

### Член 39

(1) Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт од овој закон ја формира министерот за транспорт и е составена од два члена и претседател.
(2) Членовите на Комисијата треба да имаат завршено високо образование и работно искуство најмалку од две години, а претседателот е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство најмалку од четири години.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 25.12.2024 >>*

### Член 39-а

(1) Доставувањето на известувањата и одлуките на Комисијата за одлучување по прекршоци се врши согласно со одредбите од Законот од општата управна постапка.
(2) Ако живеалиштето на лицето на кое известувањето или одлуката треба да му се достави е непознато за органот чие писмено се доставува, Комисијата за одлучување по прекршоците ќе го истакне известувањето, односно одлуката на огласна табла во Министерството за транспор со истекот на осум дена од денот на истакнувањето на огласната табла во Министерството за транспорт ќе се смета дека доставувањето е уредно.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 25.12.2024 >>*

### Член 40

(1) Кога општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во Градот Скопје, комуналниот инспектор на Градот Скопје, односно униформираниот полициски службеник и комуналниот редар ќе утврди дека е сторен прекршок од членот 33 од овој закон, составува записник за констатиран прекршок, во кој се забележуваат битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патна исправа и држава, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието, правната квалификација на прекршокот и лицата затекнати на самото место, како и дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците. Записникот го потпишува овластено службено лице и сторителот.
(2) Доколку сторителот на прекршокот се согласи на предлогот за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во Градот Скопје, односно комуналниот инспектор на Градот Скопје, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар тоа го

забележуваат во записник за констатиран прекршок и на сторителот ќе му врачи прекршочен платен налог, во кој се наведуваат битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патна исправа и држава, местото и времето на сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање и правна поука.
(3) По приемот на прекршочниот платен налог од ставот (2) на овој член, сторителот на прекршокот е должен да ја плати изречената глоба во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог.
(4) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.
(5) Доколку сторителот не се согласи да му биде издаден прекршочен платен налог со плаќање на половина од изречената глоба, општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во Градот Скопје, односно комуналниот инспектор на Градот Скопје, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар, ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на сторување на прекршокот. За сторените прекршоци од ставот (1) на овој член, на сторителот на прекршокот судот може да му изрече општокорисна работа согласно со Законот за прекршоците.
(6) Општокорисната работа се врши во јавно претпријатие за одржување на јавна чистота или во правно лице за одржување на јавна чистота.
(7) При вршењето на општокорисна работа, јавното претпријатие или правното лице каде се врши општокорисната работа се должни да овластат лице кое трипати ќе го фотографира лицето кое врши општокорисна работа, и тоа: една фотографија со фотографирање на лицето и пошироката околина пред започнувањето на вршењето општокорисна работа, една фотографија при извршувањето и една фотографија по завршувањето на општокорисната работа со фотографирање на лицето и пошироката околина и се должни фотографиите да ги чуваат и користат на начин утврден согласно со прописите за заштита на личните податоци. Јавното претпријатие или правното лице каде што се врши општокорисната работа фотографиите ги чува најмалку една година од извршувањето на општокорисната работа.
(8) За извршената општокорисна работа на сторителот му се издава потврда за извршена општокорисна работа, во рок од три дена по извршувањето на општокорисната работа, а сторителот потврдата ја доставува до надлежниот суд.
(9) Потврдата од ставот (8) на овој член е должен да ја издаде директорот на јавното претпријатие за одржување на јавна чистота или директорот на правното лице за одржување на јавна чистота каде што се врши општокорисната работа, врз основа на писмен извештај изготвен од лицето овластено за контрола од директорот на јавното претпријатие за одржување на јавна чистота или директорот на правното лице за одржување на јавна чистота, кое е должно да врши контрола за начинот на вршењето на општокорисната работа.
(10) Формата и содржината на потврдата за извршената општокорисна работа, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот за вршење на општокорисна работа, ги пропишува министерот за транспорт.
(11) Општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во Градот Скопје, комуналниот инспектор на Градот Скопје и униформираниот полициски службеник и комуналниот редар се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
(12) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за транспорт.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 25.12.2024 >>*

### Член 40-а

Членот 40-а се брише.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 27.08.2015 >>*

### Член 40-б

Одмерувањето на висината на глобата се врши согласно со Законот за прекршоците.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.06.2021 >>*

### Член 40-в

Средствата од глоби изречени во прекршочна постапка поведена по барање од општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во Градот Скопје, комуналниот инспектор на Градот Скопје и комуналниот редар, се приход на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје.
Средствата од глобите изречени во прекршочна постапка поведени по барање на униформираните полициски службеници се приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 25.12.2024 >>*

### Член 41

Членот 41 се брише.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 10.07.2010 >>*

### Член 42

Членот 42 се брише.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 10.07.2010 >>*

### Член 42-а

Членот 42-а се брише.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.06.2021 >>*

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 43

Поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 44

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за одржување на јавната чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад (Службен весник на Република Македонија број 37/98).

### Член 45

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

## ОДРЕДБИ

*поврзани со*

**ЗАКОН ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ**

во консолидираниот текст

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 64/2009**

### Член 21

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за јавна чистота.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 64/2009**

### Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 88/2010**

и додаден Автоматски додаден Автоматски додаден

**Член 16**

Прекршочните постапки започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да се водат според одредбите од овој закон.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 88/2010**

**Член 17**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за јавна чистота.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 88/2010**

**Член 18**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 23/2011**

**Член 5**

Одредбите од членовите 5-а, 26-а и 27 ставови 2, 3 и 4 на овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примената на Законот за инспекцискиот надзор.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 23/2011**

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 53/2011**

**Член 2**

Подзаконските акти предвидени со членот 1 од овој закон ќе се донесат во рок од
15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот 2 на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за транспорт и врски.

**ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 53/2011**

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**Одлука од Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 159/2011 од 28 март 2012 година**

**Сл.В. 47/2012**

1. СЕ ПОНИШТУВА членот 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота (Службен весник на Република Македонија бр. 88/2010).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија".

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 80/2012**

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Автоматски додаденАвтоматски додаден Автоматски додаден Автоматски додаденАвтоматски додаденАвтоматски додаденАвтоматски додаденАвтоматск

Автоматски додаде

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**
**Сл.В. 163/2013**

## Член 17

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**
**Сл.В. 163/2013**

## Член 18

Почнувајќи од 1 април 2014 година актите и списите од постапувањето на Комисијата за одлучување по прекршоци предвидена со овој закон и на општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, односно комуналниот инспектор на градот Скопје, униформираниот полициски службеник, комуналниот редар на јавните претпријатија или правните лица каде што се врши општокорисната работа, Државниот управен инспекторат и Управата за јавни приходи, по нивното донесување, односно изготвување се евидентираат и се разменуваат преку посебен информациски
систем во електронски облик.

Начинот на постапување преку информацискиот систем го пропишува министерот за транспорт и врски.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**
**Сл.В. 163/2013**

## Член 19

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за јавна чистота.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**
**Сл.В. 163/2013**

## Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во„Службен весник на Република Македонија, а одредбата од членот 7 ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**
**Сл.В. 44/2015**

## Член 12

Членот 8 од овој закон ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за основање на државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (Службен весник на Република Македонија број 130/14).

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**
**Сл.В. 44/2015**

## Член 13

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за јавна чистота.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**
**Сл.В. 44/2015**

## Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**
**Сл.В. 147/2015**

### Член 14

Подзаконските акти утврдени во овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 147/2015**

### Член 15

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за јавна чистота.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 147/2015**

### Член 16

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 31/2016**

### Член 5

Започнатите постапки до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 31/2016**

### Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе започне да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија број 124/15).

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 122/2021**

### Член 20

Започнатите постапки од извршен инспекциски надзор, како и започнатите прекршочни постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со Законот за јавна чистота ("Службен весник на Република Македонија" број 111/2008, 64/2009, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16).

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 122/2021**

### Член 21

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 122/2021**

### Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 255/2024**

Автоматски додаден

Автоматски додаден Автоматски додаден Автоматски додаден Автоматск

### Член 12

Започнатите прекршочни и инспекциски постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со Законот за јавна чистота ("Службен весник на Република Македонија" број 111/2008, 64/2009, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/21).

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 255/2024**

### Член 13

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од четири месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 255/2024**

### Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Сл.В. 101/2025**

### Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".